2А: БРОЈ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

Заеднички содржатели

	СЕКОГАШ ТОЧНО	СЕКОГАШ НЕТОЧНО	ПОНЕКОГАШ ТОЧНО
1. Збирот на два содржатели на 5 е исто така содржател на 5			
2. Разликата на два содржатели на 4 е исто така содржател на 4			
3. Производот од содржател на 2 и содржател на 5 е содржател на 10			
4. Производот на содржател на 3 и содржател на 2 е содржател на 6			
5. Производот на содржател на 2 и содржател на 9 е содржател на 18			
6. Ако барем еден од множителите во даден производ е делив со 5, тогаш и производот е делив со 5			

Со помош на погорните тврдења реши ги следните задачи:

1. Без да пресметуваш определи кој од следните збирови е делив со 4:

а. 212+36

б. 324+288

в. 104+314

2. Без да пресметуваш определи која од следните разлики е делива со 2:

а. 245-36

б. 4005-226

в. 3564-566

3. Кој од следните производи е делив со 5:

а. 3674·288

б. 4005·500

в. 3640·4367

4. Запиши производи:

а. делив со 2 и 3

б. делив со 3 и 4

в. делив со 3 и 5

Наставник: С.Захариева
О.У."Св. Климент Охридски"-Битола

2А: БРОЈ И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ

Заеднички содржатели

ПРИМЕР: Весна има помеѓу 30 и 40 бонбончиња. Ако ги подели на 3 ученици или на 5 ученици , секогаш ѝ останува 1 бонбонче. Колку бонбончиња има?

РЕШЕНИЕ: За да може да ги подели на 3 или на 5 ученици бројот на бонбончиња кои ги има треба да е делив и со 3 и со 5, односно се бара содржател на 3 и 5 кој се наоѓа меѓу 30 и 40.

Содржатели на 3 и 5 : 15, 30,45,60...

Бараниот број е 30. Бидејќи како и да ги подели, секогаш ѝ останува 1 бонбонче, заклучуваме дека весна имала 31 бонбонче. (Провери!!!)

1. Мајката на Оливера донела беџови и планирала да ги подели на нејзините другарки. Кога размислила како да ги подели на 4, 5 или 6 нејзини другарки, секогаш и останувал по еден беџ. Колку најмалку беџов имала мајката на Оливера?

2. Марко си игра со автомобилчиња и може да ги нареди по 10 или по 25 во редица.Колку автомобилчиња има Марко, ако се знае дека има повеќе од 1250, а помалку од 1350 автомобилчиња?

3. Бабата испекла колач за своите внуци кои требало да ја посетат, но заборавила дали ќе дојдат 2, 4 или 5 внуци. На колку најмалку еднакви парчиња треба да го раздели колачот за да можат внуците да добијат по ист број на парчиња?

4. Во училиштето на Јана, секоја учебна година го наградувале ученикот што прочитал најмногу книги. Оваа година тој ученик имал прочитано помалку од 100, а повеќе од 70 книги. Ако ги редел по 6 или 8 м осанувале 3 книги. Колку книги прочитал?

5. Две другарки Илина и Сшака имале меѓу 110 и 150 коцки. Прво ги наредиле по 5 во ред, но не им се допаѓале, па ги наредиле по 7 во ред. Колку коцки имаат?

Наставник: С.Захариева
О.У."Св. Климент Охридски"-Битола